FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Мислење за спроведувањето на мерките предвидени во Акцискиот план на Отвореното владино партнерство на Македонија

Скопје, октомври 2013 година

## Вовед

Во Септември 2011 година Република Македонија се приклучи на Иницијативата за партнерство на отворените влади и ја прифати Декларацијата за отвореност на Владите[1] (Декларацијата). Со приклучувањето кон иницијативата Владата на Република Македонија прифати одговорност да ги зајакне заложбите за промовирање на транспарентноста, борбата против корупцијата, да го зајакне граѓанското учество и искористувањето на новите технологии со цел обезбедување на поефикасна и поодговорна влада. Со прифаќањето на Декларацијата, македонската Влада се обврза да ја зголеми достапноста до информациите поврзани со работата на Владата, да го поддржи граѓанското учество, да имплементира највисоки стандарди на интегритет во администрацијата и да го зголеми пристапот до новите технологии за отвореност и отчетност. Непосредно по пристапувањето кон Партнерството на отворените влади, одлуката на Владата беше поздравена од Фондацијата Отворено општество – Македонија[2] (ФООМ) со што беше изразено нашето задоволство за овој прв чекор во процесот на преземање конкретни активности за унапредување на отвореноста на Владата и поттикнување на граѓанското учество. Понатаму, ФООМ[3] ја искажа подготвеноста за дијалог со Владата, учество во работата и поддршка за постигнување на заложбите на Владата во Партнерството на отворените влади.

За организирањето на Првиот ден на Партнерството на отворените влади од страна на Министерството за информатичко општество и администрација[4] на кој беше претставен македонскиот Нацрт-акциски план за Партнерството на отворените влади и беше промовирана веб страната е-демократија како модерен метод за јавна расправа, ФООМ дозна дури во Март 2012 година. Па така, продолжи еднострана комуникација на ФООМ со институциите, и за многу кус период, без можност за учество во подготовката на Нацрт-акцискиот план, ФООМ достави коментари на Нацрт-акцискиот план[5] затоа што сметавме дека не би требало да се дозволи игнорирање на граѓанското општество кое е формален дел од процесот на Партнерството на отворените влади. Сметаме дека во Нацрт-акцискиот план за Партнерството на отворените влади, а следејќи ги предлог-акциските планови и на другите држави, кај предложените мерки недостасува поврзаност на тековните реформи и веќе направените напори за поголема транспарентност и отчетност, со новите чекори кои ќе бидат преземени, но и дека не се дадени индикатори за следење на

---

[1] Open Government Declaration http://www.opengovpartnership.org/about/open-government-declaration, Септември 2011 година

[2] Писмо до Министерот за надворешни работи на РМ, Никола Попоски; 03.10.2011 година Наш број. 11-800/1

[3] Во своето работење ФООМ се залага за креирање политики базирани врз докази и информации и во таа насока ги поддржува иницијативите кои се насочени кон отвореност на податоците со кои располагаат властите и вклучување на засегнатите страни во процесите на креирање на политики и донесување одлуки.

[4] Објава на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација на РМ; http://www.mioa.gov.mk/?q=node/2945

[5] Предлог за дополнување на Нацрт-акциски план (прва верзија), 23.03.2012 година, ФООМ Арх. Бр. 11-251/1; http://www.fosm.org.mk/dokumenti/predlog-za-dopolnuvanje-od-foom-na-ap-za-ogp-23032012.pdf

имплементацијата на Акцискиот план[6]. Односно, генерално како што беше подготвен, Нацрт-акцискиот план за Отворено владино партнерство оставаше впечаток дека: (1) Владата својата транспарентност и отвореност ја сфаќа само како сет од информатички мерки, (2) Владата не поставува високи цели кон кои ќе се стреми за зголемување на транспарентноста и отчетноста и (3) отсуствува пристапот на Владата за зголемена соработка со граѓанските организации и партиципативно креирање политики. Важно е да се напомене дека две од шест препораки на ФООМ за унапредување на Нацрт-акцискиот план беа инкорпорирани во финалната верзија на Акцискиот план за Партнерството на отворените влади, а се однесуваа на унапредување на пристапот до информации од јавен карактер, како и на обврската да се ратификува Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавните документи, која државата веќе ја имаше потпишано во 2009.

## Независен мониторинг на владиното спроведување на заложбите од Партнерството на отворените влади

Насоките на Партнерството на отворените влади (Партнерството) од сите влади кои учествуваат во иницијативата бараат тие да се консултираат со граѓанското општество и со пошироката јавност при изработка на нивните акциони планови за Партнерството. Дополнително, тие му препорачуваа на граѓанското општество, како формален дел од процесот на спроведување на Партнерсвото, да го следи владиното спроведување на заложбите од Партнерството.

Следејќи ги дадените насоки од Партнерствотоза учество на граѓанското општество во независен мониторинг на спроведување на акивностите од Акцискиот план, ФООМ една година по усвојувањето на Акцискиот план, во април 2013 година разви методологија за набљудување на спроведените активности предвидени со мерките во Акцискиот план. Методологијата беше креирана со цел да се оцени дали се исполнети, односно до кој степен се почитуваат роковите за спроведување на мерките во Акцискиот план, на тој начин што до институциите кои се наведени како одговорни за нивното исполнување беа испратени барања за слободен пристап.[7] Онаму каде што повеќе институции се наведени како одговорни или треба да соработуваат за да ја исполнат предвидената мерка нашиот метод на работа предвидуваше да ги опфати сите нив, па до сите беше поднесено барање за слободен пристап до информации за напредокот на една мерка. На пример, сите министерства беа прашани за исполнувањето на обврската за објавување информација на почеток на процес на донесување закон со линк до објавата на веб страната www.ener.gov.mk, предвидена со цел 1, мерка 1. Ни беше важно да го измериме напредокот во исполнувањето на обврските, бидејќи временската рамка – рокот даден во Акцискиот план не е јасно наведен, па така за 30 мерки (од вкупно 35) рокот кој е наведен опфаќа повеќе години, 2012-2014 или 2010-2015, а кај некои 2013-2014. Исто така,

[6] http://www.e-demokratija.mk/web/guest/home?p_p_id=3&p_p_lifecycle=0&p_p_state=maximized&p_p_mode=view&p_p_col_id=column-1&p_p_col_pos=1&p_p_col_count=7&_3_struts_action=%2Fsearch%2Fsearch

[7] Во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

сакавме да дознаеме и на кој начин одговорните институции за имплементацијата на мерките од Акцискиот план се координираат меѓу себе, бидејќи од Акцискиот план не е јасно која институција е одговорна за целосната имплементација на Акцискиот план. Во моментот на креирање на методологијата, од содржината на Акцискиот план и од достапните информации не беше познато дали координацијата ја прави Владата на РМ која формално пристапи кон Партнерството или е тоа Министерството за информатичко општество и администрација кое е надлежно за спроведување на 14 од вкупно 35 мерки.

За вкупно 35 мерки кои придонесуваат кон исполнување на 9-те цели од Акцискиот план ФООМ поднесе 58 барања за слободен пристап до информациите.[8] Очекувавме дека за сите 58 барања, од одговорните институции за спроведување на мерките од Партнерството, одговорите ќе ги добиеме веднаш или најдоцна во законскиот рок од 30 дена, бидејќи една од четирите вредности на Партнерството е токму пристапот до информациите. Без намера да ги водиме постапките до крај со исцрпување на сите правни лекови, а единствено со цел да ги добиеме одговорите на барањата, бевме принудени да поднесеме дури 24 жалби за молчење на институциите. Значи за скоро половина од барањата за слободен пристап до информации надлежните институции за имплементирање на обврските од Партнерството не игнорираа! Она што го прави овој извештај да биде објективен е тоа што на крајот располагаме со одговори на сите 58 барања, бидејќи по вложувањето на жалбите институциите ни одговорија на барањата. Конкретните одговори за спроведувањето на Партнерството ги поставивме на веб страната spinfo.org.mk[9] со цел да придонесеме во имплементирање на четвртата цел од Акцискиот план, а се однесува на подобрена имплементација на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, односно поконкретно на спроведување на точката 2 од мерката 2, а тоа е податоците добиени во постапката пред Комисијата за пристап до информации од јавен карактер да бидат објавени и достапни за јавноста, не само за барателот.

## Заклучоци

### Недостасува институција координатор која го следи во целост имплементирањето на Акцискиот план од Партнерството

Во Акцискиот план за 35 мерки наведени се вкупно 30 институции кои се надлежни, односно кои партнерски треба да ги спроведуваат активностите.[10] Со бројот на обврски во Партнерството предничи Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) кое е надлежно за спроведување на 14 од вкупно

[8] Анекс 2: Листа на барања за слободен пристап до информации

[9] Види повеќе во рубриката 'случаи' на www.spinfo.org.mk

[10] Дополнително, мерката 1 од цел 2 треба да биде спроведена од МИОА во соработка со сите институции (иматели на инфомации). За нас не е јасно дали под иматели на информации тука се мисли на иматели на информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а тоа се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица што вршат јавни овластувања(член 3). Во овој случај би значело соработка на МИОА со 1.150 иматели на информации.

35 мерки. Но, анализирани поединечно мерките кои треба да бидат спроведени во соработка помеѓу надлежна институција со сите други министерства, како на пример мерката 1 од првата цел наведува на заклучок дека иако МИОА е надлежна институција за спроведувањето сепак не го следи исполнувањето во целост, па така за исполнувањето на точката 1 од оваа мерка министерствата не ја информираат дали ја применуваат и дали го објавуваат почетокот на процесот на донесување на закон на нивните веб страни со посочување и на линкот до Единствениот национален електронски регистар. Самото Министерството за информатичко општество и администрација смета дека „нема обврска да води евиденција за број на објавени нацрт-закони на веб страните на министерствата“.[11] Останува нејасно кој ќе го оцени исполнувањето на оваа мерка во Годишниот извештај за спроведување на мерките од Акцискиот план.

За прогресот кој го направило Министерството за одбрана на истата мерка, според која секое министерство – предлагач на закон ќе го објави на својата веб страна процесот на донесување на закон и во прилог на објавата ќе стои линк до Единствениот национален електронски регистар, Министерството за одбрана цени дека „содржината на прашањето е во врска со Акцискиот план за отворено владино партнерство и ќе се препрати на постапување во МИОА“.[12] Министерството за одбрана смета дека Акцискиот план е во „надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, поради тоа Министерството за одбрана не може да се впушти во одговор на прашањето за наведување на линк на Единствениот национален електронски регистар“.[13]

Вака како што е поделена надлежноста меѓу институциите за спроведување на мерките без притоа да бидат координирани од една институција отвара прашања кој го води процесот. Ако тоа го прави Владата тогаш не е јасно зошто до сега нема формирано национално координативно тело[14] за следење на имплементацијата на Партнерството. Од пребарувањата по медиумите на интернет и пренесените информации во врска со организираните јавни настани поврзани со Партнерството се добива впечаток дека Министерството за информатичко општество и администрација го води процесот, но од Акцискиот план не е можно да се утврдат воспоставените механизми на координација помеѓу одговорните институции за спроведување на мерките.

---

[11]Види го одговорот од МИОА Бр. 14/4 -110/ од 9.05.2013 година http://www.spinfo.org.mk/images/sluchai/Ministerstvo_za_informatichko_opshtestvo_i_administracija/2013/s2.17-15/odgovor.pdf

[12]Види го одговорот од Министерство за одбрана бр. 14/1-173/53 од 18.04.2013 година http://www.spinfo.org.mk/images/sluchai/Ministerstvo_za_odbrana/2013/s2.36-1/odgovor.pdf

[13]Ibid.

[14] Познато е дека Владата има надлежност и досега формирала национални координативни тела за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011; на Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија; координирање на активностите по мерките за унапредување на казнената политика и сл.

## ВРЕМЕНСКАТА РАМКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НЕ Е ПРЕЦИЗНО УТВРДЕНА

Препораките на Партнерството кои беа дадени на државите при креирањето на Акциските планови се однесуваа и на рокот на имплементација на зададените цели. Беше препорачано рокот на имплементација на мерките да биде две години, по што ќе се пристапи кон ревизија на Акциските планови. Во македонскиот акциски план е наведено дека „е предвидено да се имплементира во следните две до три години“ (страна 3). Но, во роковите зададени во Акцискиот план се сретнуваат и подолги рокови, па така за првите мерки од шестата и седмата цел даден е рок за исполнување од четири години (2012-2015).

Дополнително, проблематично е да се оцени степенот на имплементацијата на 30 од 35 мерки, една година од усвојувањето на Акцискиот план затоа што кај нив е утврден рок на исполнување 2012-2014, односно 2013-2014. Нејасно е зошто е наведена 2012 година, дали се очекува почеток на имплементацијата на мерката во 2012 година или сепак е за очекување секоја година одделно институциите да покажат напредок. Дека надлежните институции не го сфаќаат ова покажува одговорот[15] од Министерството за економија, кое е надлежно за мерката 2 од деветата цел. Една година по спроведувањето на Акцискиот план го прашавме Министерството за економија дали ги објавуваат на нивната веб страница информациите поврзани со безбедноста на патиштата, чистотата на воздухот, безбедноста на работниците и слично, со цел да бидат јавно достапни со можност за лесно преземање и пребарување на интернет, како што е предвидено со мерката. Од Министерството за економија ни одговорија дека на нивната веб страна овие податоци не се објавуваат. Тие во одговорот посочија дека „имаат обврска во соработка со други институции оваа активност да ја реализираат во периодот до 2014 година“. Ова нивно сфаќање покажува дека вака како што се зададени роковите на 30 мерки, треба да очекуваме дури во 2014 година резултати од нивното спроведување, а не напредок од година во година.

## НЕ СЕ ПОСТАВЕНИ ИНДИКАТОРИ СПОРЕД КОИ ЌЕ СЕ МЕРИ НАПРЕДОКОТ ВО ПОСТИГНУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН

Насоките на Партнеството јасно истакнуваат дека сите национални Акциски планови мора да допринесуваат кон решавање на некоја од петте високи цели (grand chalenges). При креирањето на македонскиот Акциски план значајно беше да се утврди кои се мерките кои до сега се преземни и какви резултати истите постигнале, особено во областите избрани како „високи цели“. За да подоцна, една година по имплементацијата, едноставно и објективно може да се измери напредокот кој ќе се постигне со секоја мерка одделно. Но, во нашиот Акциски план проблематично е што прецизно не е објаснето кои мерки се преземени, за да постои појдовна точка по која ќе се водиме една година по спроведувањето на Партнерството. Дополнително, не се дадени индикаторите по кои ќе се мери напредокот, што значи тешко е да се измери постигнатото, затоа што на самиот почеток не е утврдено кон колкаво постигнување се стремиме.

---

[15] Види го одговорот од Министерство за економија Бр. 15-2475/3 од 30.04.2013 год. http://www.spinfo.org.mk/images/sluchai/Ministerstvo_za_ekonomija/2013/s2.23-2/odgovor.pdf

Единствено не беше проблематично да се види напредок во мерките кои предвидуваа креирање на нови алатки за јавна расправа. Па така во одговорот на МИОА за спроведувањето на мерката 2 од првата цел беше наведено дека „на веб страната www.e-demokratija.mk од нејзиното активирање до 09.05.2013 има 201 регистриран субјект.“[16] Но, нејасно е што значи за МИОА подигнување на јавната свест, дали се стреми кон овие 201 субјекти или има зацртано дека минимум 30% од предлог-законите ќе бидат партиципативно креирани преку интернт порталот е-демократија. Недостатокот од јасно утврдени индикатори по кои ќе се мери напредокот остава произволно ангажирање на институциите за унапредување на областите од Партнерството. Па така иако се изминати 2012 и повеќе од половина од 2013 година сепак не е започнато со имплементирање на мерката 4 од четвртата цел, овозможување на доставување на барањата за пристап до информации од јавен карактер по електронски пат. Веб страната на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер не е надградена, ниту постои нова, како што е предвидено со Акцискиот план.

## Суштинските мерки не се имплементирани

Сумирано на крај, една година од имплементацијата на Акцискиот план, на површина излегува дека се спроведуваат само „техничките“ мерки. Ако било предвидено да се воспостави нов метод за јавна расправа, односно веб страна www.e-demokratija.mk таа е воспоставена. Но дали таа придонела во партиципативното креирање на политиките? Не придонела, бидејќи за тоа МИОА не води евиденција. Единствено даваат статистика од бројот на посетите на веб страната, бројот на поставените документи и бројот на теми кои се отворени на форумот на веб страната.

Истото е случај и со мерката 1 од втората цел, било предвидено креирање на веб страна www.opendata.gov.mk и тоа е направено. Но, ако суштината од отворените податоци е бенефит за малите и средните претпријатија – бизниси да имаат корист од нив, една година од имплементацијата не се креирани индикаторите со кои ќе се мери нивната корист. МИОА смета дека ова ќе го реализира „во напредна фаза на open data“[17], рокот кој е наведен за исполнувањето е 2012-2014. Значи иако се изминати 2012 и повеќе од половина од 2013 година сепак не е започнато со имплементирање на мерката.

За разлика од „техничките мерки“ кои се преземаат оние кои суштински влијаат и придонесуваат во борбата против корупцијата, како на пример мерката 2 од шестата цел, а тоа е воведување на системи на интегритет во јавната администрација за кои е надлежна Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), не се започнати една година од усвојувањето на Акцискиот план. На нашето барање за

---

[16] Види оговор од МИОА бр. 14/4-1099 од 09.05.2013 год http://www.spinfo.org.mk/images/sluchai/Ministerstvo_za_informatichko_opshtestvo_i_administracija/2013/s2.15-13/odgovor.pdf

[17] Види одговор од МИОА бр. 14/4-1096 од 09.05.2013 год http://www.spinfo.org.mk/images/sluchai/Ministerstvo_za_informatichko_opshtestvo_i_administracija/2013/s2.12-10/odgovor.pdf

пристап до информациите поврзани со спроведувањето на оваа мерка од ДКСК ни одговорија дека „не располагаат со бараната информација-документ“.[18]

[18]Види одговор од ДКСК бр. 03-2788/4 од 19.04.2013 год http://www.spinfo.org.mk/images/sluchai/Drzavna_komisija_za_sprecuvanje_korupcija/2013/s2.54-3/zaklucok.pdf

## Анекс 1: Писмо од ФООМ до Министерот за надворешни работи на РМ

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА
Бр. 11-809/1
5.10 2011 год.
СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Скопје, 3 октомври 2011 година

Почитуван министер Попоски,

Дозволете ми во името на Фондацијата Отворено општество – Македонија, да го изразам особеното задоволство за одлуката на Владата на Република Македонија да се приклучи кон *Иницијативата за партнерство на отворените влади* (Open Government Partnership). Тоа е прв чекор во процесот на преземање на конкретни активности за унапредување на отвореноста на македонската Влада и поттикнување на ангажираноста на граѓаните (индивидуално или преку граѓанските организации) кои имаат главна улога во поттикнување на одговорност и отчетност.

Иако, во изминативе години, Владата на Република Македонија продолжи со реформите насочени кон подобрување на доброто владеење сепак, сè уште постојат големи недостатоци во нивната имплементација. Така на пример, скоро половина од барањата за слобден пристап до информации премолчено се одбиваат.[1] Од друга страна, нема пристап до финансиските извештаи на политичките партии.[2] Слично, не се спроведе Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) и сè уште не се создадени услови за финансиска оддржливост на граѓанскиот сектор, ниту се доволно вклучени во процесите на креирање на политики.

Затоа, искрено се надеваме дека оваа иницијатива ќе ги зајакне конкретните заложби на Владата и ќе даде видливи резултати во имплементацијата на домашната законска рамка за транспарентност и отчетност.[3] Во оваа насока, со нетрпение го чекаме отпочнувањето на подготовките на Владата на Република Македонија за креирање на акционен план во консултација со граѓаните и граѓанските организации, бидејќи само преку целосно отворен процес може да се дизајнираат соодветни мерки кои ќе резултираат со подобра, транспарентна и ефикасна влада.

Ви стоиме на располагање за наш придонес во овој процес.

Со почит,

Владимир Милчин, извршен директор
Фондација Отворено општество – Македонија

---

[1] Извештај за работа на Комисијата за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер за 2010 година.

[2] Само во 2011, има поднесено 110 жалби за недобиен одговор од политичките партии и државните органи кои се надлежни да спроведуваат надзор врз финансиското работење на партиите.

[3] Како Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за спречување на корупција, Законот за спречување на судир на интерес.
нивната имплементација.

## Анекс 2: Листа на барања за слободен пристап до информации

| Бр. | Имател на информацијата | Побарана информација | Датум на поднесување/ кој поднесува |
|---|---|---|---|
| **11-353/1** | **Влада на РМ** | Ве молиме доставете копија од Информациите доставени до Владата на РМ од Министерството за информатичко општество и администрација со барањата кои биле предмет на петициите согласно цел 1, мерка 3 точка 1 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ). Дали до сега е донесен Заклучок од Владата по поднесените Информации за петициите и каде се достапни за јавноста? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-354/1** | **Генерален секретаријат на Влада на РМ** | Што е преземено за унапредување на примената на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, согласно цел 1, мерка 3 точка 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/1** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/2** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Во која фаза се наоѓа имплементацијата на мерката „Податоците добиени во постапка пред КОМСПИ да бидат објавени и достапни за јавност, а не само за барателот“, согласно цел 4, мерка 2, точка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/3** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Во која фаза се наоѓа проектот за Обезбедување на владините услуги преку cloud computing, предвиден согласно цел 3, мерка 4 од Акцискиот план за отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/4** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Дали до денот на одговарање на барањево се објавени резултати од проектите за евалуација на јавната администрација, согласно цел 3, мерка 3 од Акцискиот план за отворено владино партнерство? Ако одговорот е да, ве молиме да ни доставите фотокопија од објавените резултати. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/5** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Дали е воспоставен механизам за граѓаните со кој ќе можат да ги оценуваат и да ги коментираат услугите на www.uslugi.gov.mk согласно цел 3, мерка 1 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство. Ако одговорот е да, ве молиме посочете ни каде е достапен? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/6** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | На кој начин се следи имплементацијата на плановите за отварање на информациите на државните институции, согласно цел 2, мерка 5 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство, од денот на усвојувањето на Акцискиот план до денот на одговарање на барањево? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/7** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Фотокопија од барањата кои се доставени до Владата на РМ со приоритетната листа на одобрување за отварање на податоците, согласно согласно цел 2, мерка 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство, од денот на усвојувањето на Акцискиот план до денот на одговарање на барањево. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/8** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Фотокопија од доставените барања за отворање на податоците, согласно цел 2, мерка 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство, од денот на усвојувањето на Акцискиот план до денот на одговарање на барањево? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/9** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Дали се креирани индикаторите со кои треба да се мери користа на малите и средните претпријатија – бизниси од користењето на отворените податоци, согласно цел 2, мерка 2 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство? Ако се креирани ве молиме да ни доставите фотокопија од нив. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/10** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Ве молиме да ни обезбедите пристап до Веб каталог каде стојат информациите за веб локациите каде можат да се најдат отворените податоци, согласно цел 2, мерка 1 точка 1 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство. | 08.04.2013/ФООМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11-355/11** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Дали и колку електронски петиции се покренати преку веб страницата www.e-demokratija.gov.mk , согласно цел 1, мерка 3 од Акцискиот план за отворено владино партнерство, од денот на нејзиното активирање, заклучно со датумот на одговарање на ова барање? Ве молиме доставете копија од Информациите доставени до Владата на РМ со барањата кои биле предмет на петициите. Дали до сега е донесен Заклучок од Владата по поднесените Информации за петициите и каде е достапен за јавноста, согласно цел 1, мерка 3 точка 1 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/12** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Колку различни субјекти покажале регистрирана активност, согласно цел 1, мерка 2 од Акцискиот план за отворено владино партнерство, на веб страницата www.e-demokratija.gov.mk од нејзиното активирање заклучно со датумот на одговарање на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/13** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Колку посети се евидентирани на www.ener.gov.mk согласно цел 1, мерка 1, точка 2 од Акцискиот план за отворено владино партнерство, во периодот пред неговото усвојување, а колку во периодот по неговото усвојување, заклучно со датумот на одговарање на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-355/14** | **Министерство за информатичко општество и администрација на РМ** | Колку вкупно нацрт – закони се објавени на веб страниците на министерствата согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство, од денот на неговото усвојување, заклучно со датумот на прием на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-356/1** | **Министерство за правда на РМ** | Во која фаза е подготовката на Нацрт-закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавните документи согласно цел 4, мерка 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-356/2** | **Министерство за правда на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-357/1** | **Министерство за здравство на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-358/1** | **Министерство за внатрешни работи на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-359/1** | **Министерство за локална самоуправа на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-360/1** | **Министерство за економија на РМ** | Дали на веб страницата на вашето министерство се објавуваат информации за безбедност на патиштата, чистотата на воздухот и безбедноста на работниците и дали истите можат да бидат преземени, согласно согласно цел 9, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11-360/2 | **Министерство за економија на РМ** | Дали е извршено консолидирање на информациите и утврдување приоритет на оние податоци кои се сметаат за отворени согласно Акцискиот план за отворено владино партнерство (цел 7, мерка 3), во периодот од неговото усвојување, заклучно со датумот на прием на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-360/3 | **Министерство за економија на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-361/1 | **Министерство за финансии на РМ** | Дали е извршено консолидирање на информациите и утврдување приоритет на оние податоци кои се сметаат за отворени согласно Акцискиот план за отворено владино партнерство (цел 7, мерка 3), во периодот од неговото усвојување, заклучно со датумот на прием на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-361/2 | **Министерство за финансии на РМ** | Дали Буџетот на РМ за 2013 е објавен во отворен формат (отворен буџет) согласно согласно цел 7, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? Ако одговорот е да, тогаш упатете не на местото каде е објавен. | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-361/3 | **Министерство за финансии на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-362/1 | **Министерство за образование и наука на РМ** | Колку и какви податоци со кои се овозможува меѓународна научно – истражувачка соработка преку интернет, имате објавено на вашата веб страница од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање согласно цел 5, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-362/2 | **Министерство за образование и наука на РМ** | Колку истражувања финансирани со јавни средства се објавени од ваша страна и каде, во периодот од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање, согласно цел 5, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-362/3 | **Министерство за образование и наука на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-363/1 | **Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| 11-364/1 | **Министерство за труд и социјална политика на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11-365/1** | **Министерство за надворешни работи на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-366/1** | **Министерство за култура на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-367/1** | **Министерство за одбрана на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-368/1** | **Министерство за транспорт и врски на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-369/1** | **Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на РМ** | За колку закони и кои се тие за кои сте објавиле на веб страната на министерството почеток на процесот на донесување на законот од моментот на усвојувањето на Ацискиот план за Отворено владино партнерство до денот на одговорот на ова барање? Ве молиме наведете го линкот каде е објавен овој процес на www.ener.gov.mk , согласно цел 1, мерка 1, точка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство?. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-370/1** | **Државен завод за статистика - Комитет за статистичка доверливост** | Колку и какви податоци, кои би можеле да бидат преземени и употребени од страна на истражувачите, имате објавено во обработлив формат од усвојувањето на Акцискиот план за отворено владино партнерство, заклучно со датумот на одговор на ова барање, согласно цел 5, мерка 3 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-371/1** | **Универзитет заинформатички технологии и науки „Св. Апостол Павле“ - Охрид** | Колку и какви податоци со кои се овозможува меѓународна научно – истражувачка соработка преку интернет, имате објавено на вашата веб страница од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање согласно цел 5, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-371/2** | **Универзитет заинформатички технологии и науки „Св. Апостол Павле“ - Охрид** | Колку истражувања финансирани со јавни средства се објавени од ваша страна и каде, во периодот од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање, согласно цел 5, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-372/1** | **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје** | Колку и какви податоци со кои се овозможува меѓународна научно – истражувачка соработка преку интернет, имате објавено на вашата веб страница од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање согласно цел 5, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-372/2** | **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје** | Колку истражувања финансирани со јавни средства се објавени од ваша страна и каде, во периодот од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање, согласно цел 5, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11-373/1** | **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип** | Колку и какви податоци со кои се овозможува меѓународна научно – истражувачка соработка преку интернет, имате објавено на вашата веб страница од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање согласно цел 5, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-373/2** | **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип** | Колку истражувања финансирани со јавни средства се објавени од ваша страна и каде, во периодот од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање, согласно цел 5, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-374/1** | **Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола** | Колку и какви податоци со кои се овозможува меѓународна научно – истражувачка соработка преку интернет, имате објавено на вашата веб страница од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање согласно цел 5, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-374/2** | **Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола** | Колку истражувања финансирани со јавни средства се објавени од ваша страна и каде, во периодот од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање, согласно цел 5, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-375/1** | **Државен универзитет во Тетово** | Колку и какви податоци со кои се овозможува меѓународна научно – истражувачка соработка преку интернет, имате објавено на вашата веб страница од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање согласно цел 5, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-375/2** | **Државен универзитет во Тетово** | Колку истражувања финансирани со јавни средства се објавени од ваша страна и каде, во периодот од 01.01.2013, заклучно со датумот на одговарањето на ова барање, согласно цел 5, мерка 1 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-376/1** | **Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер** | Во која фаза се наоѓа имплементацијата на мерката „Податоците добиени во постапка пред КОМСПИ да бидат објавени и достапни за јавност, а не само за барателот“, согласно цел 4, мерка 2, точка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-376/2** | **Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер** | Во колку предмети разгледувани од страна на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактерво периодот од усвојување на Акцискиот план за отворено владино партнерство, заклучно со датумот на одговор на ова барање, имателот на информацијата кој го одбил барањето за слободен пристап спровел „тест за штетност“ согласно членот 6 од ЗСПИЈК? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-376/3** | **Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер** | Во која фаза се наоѓа имплементацијата на мерката „Унапредување на пристапот до информации од јавен карактер“ преку објавување на информациите на лесен и едноставен начин за пронаоѓање, на начин и во форма подготвени за употреба, во согласност со цел 4, мерка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-377/1** | **Државна комисија за спречување на корупција** | Дали имате дефинирано Методологија за воведување на системи на интегритет на локално ниво, согласно цел 8, мерка 3 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? Доколку таква Методологија е дефинирана бараме копија од неа и ве молиме да ни обезбедите пристап до информацијата дали е извршено пилотирање на системите за интегритет во одредени општини од предвидените 10 (за периодот 2012-2014 година) и во кои до моментот на одговарањето на барањево? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-377/2** | **Државна комисија за спречување на корупција** | Дали имате дефинирано Методологија за воведување на системи на интегритет во јавната администрација согласно цел 6, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? Ако одговорот е да, тогаш доставете ни фотокопија од методологијата? | 08.04.2013/ФООМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11-377/3** | **Државна комисија за спречување на корупција** | Дали имате дефинирано процедури за воведување на политики на интегритет (антикорупциски политики) во институциите, согласно цел 6, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? Ако одговорот е да, тогаш доставете ни фотокопија од утврдените процедури. | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-378/1** | **Агенција за странски инвестиции** | Дали е извршено консолидирање на информациите и утврдување приоритет на оние податоци кои се сметаат за отворени согласно Акцискиот план за отворено владино партнерство (цел 7, мерка 3), во периодот од неговото усвојување, заклучно со датумот на прием на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-379/1** | **Биро за јавни набавки** | Дали е извршена стандардизација на податоците кои треба да се сметаат како отворени податоци согласно Акцискиот план за отворено владино партнерство, во периодот од неговото усвојување заклучно со датумот на прием на ова барање, согласно согласно цел 7, мерка 2 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-380/1** | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | Дали имате дефинирано Методологија за воведување на системи на интегритет на локално ниво, согласно цел 8, мерка 3 од Акцискиот план за спроведување на отворено владино партнерство (усвоен од Владата на РМ)? Доколку таква Методологија е дефинирана бараме копија од неа и ве молиме да ни обезбедите пристап до информацијата дали е извршено пилотирање на системите за интегритет во одредени општини од предвидените 10 (за периодот 2012-2014 година) и во кои до моментот на одговарањето на барањево? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-381/1** | **Секретаријат за европски прашања** | Дали е извршено консолидирање на информациите и утврдување приоритет на оние податоци кои се сметаат за отворени согласно Акцискиот план за отворено владино партнерство (цел 7, мерка 3), во периодот од неговото усвојување, заклучно со датумот на прием на ова барање? | 08.04.2013/ФООМ |
| **11-382/1** | **Дирекција за заштита на личните податоци** | Во која фаза се наоѓа имплементацијата на мерката „Унапредување на пристапот до информации од јавен карактер“ преку објавување на информациите на лесен и едноставен начин за пронаоѓање, на начин и во форма подготвени за употреба, во согласност со цел 4, мерка 1 од Акцискиот план за отворено владино партнерство? | 08.04.2013/ФООМ |